Република Македонија
ОПШТИНА РЕСЕН
Бр. 04-1006/18
07.06.2021 год.
РЕСЕН

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници (Службен Весник на Република Македонија бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 275/18 и 14/2020)),Градоначалникот на Општина Ресен донесе

**О Д Л У К А**

**за избор на кандидат за унапредување на административен службеник по пат на интерен оглас**

1.Административниот службеник Татјана Секулоска ,по пат на интерен оглас ,се избира за работно место **Виш соработник за разој на локалниот економски развој** шифра **УПР 01 01 В02 000** со звање **Виш соработник** во Одделение за локален економски развој и прекугранична соработка ,Општина Ресен .

2.Избраниот административен службеник во рок од 3 (три) дена од денот на објавувањето на оваа одлука должен е да достави докази за исполнување на посебните услови.

3.По завршувањето на постапката за избор и конечноста на Одлуката ,Градоначалникот на Општина Ресен ќе донесе Решение за унапредување на избраниот административен службеник од точка 1 на оваа Одлука .

**Образложение**

Врз основа на барање за започнување на постапка за унапредување на административен службеник со интерен оглас бр.04-1006/1 од 10.05.2021 година и Известување за обезбедени финансиски средства бр.04-1006/2, Одделението за управување со човечки ресурси објави интерен оглас на веб страната на Општина Ресен и веб страната на Агенцијата за администрација.

Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник формирана со Решение бр.04-1006/10 од 26.05.2021 година,спроведе административна селекција по наведениот интерен оглас и состави Записник и прилог ранг листа со бодирање на докази со бр.04-1006/15 од 02.06.2021 година.

Комисијата за селекција на административен службеник го закажа и спроведе интервјуто со единствениот кандидат **Татјана Секулоска** ,за што состави записник од работата на Комисијата заради спроведување на интервју на ден 02.06.2021 година .Финалната ранг листа од спроведеното интервју е доставена до Секретарот на Општина Ресен со прворангираниот кандидат .

Согласно финалната ранг листа која е составен дел од Записникот и со оглед на тоа дека наведениот кандидат е единствен кандидат кој ги исполнува потребните услови за наведеното работно место се одлучи како ви диспозитивот на оваа Одлука .

**Правна Поука:** Против оваа Одлука за избор,кандидатот има право на жалба во рок 8 (осум) дена до Агенција за администрација ,од денот на објавување на Одлуката на веб страната на Општина Ресен .

**Градоначалник на Општина Ресен**
Живко Гошаревски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА
РЕСЕН